# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## на Република Северна Македонија

**Број 157** | **13 јуни 2020, сабота** | **година LXXVI**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


**СОДРЖИНА**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 1993. | **Уредба** со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за формирање фонд за помош и поддршка за справување со кризата предизвикана од COVID-19 ...... | 2 |
| 1994. | **Уредба** со законска сила за плаќање на дел од партиципацијата во трошоците за студирање за студенти, партиципација за сместување во студентски дом и партиципација на трошоците за приватно сместување на студенти чие образование се финансира од Буџетот на Република Северна Македонија, а се од семејни домаќинства со низок доход, за време на вонредна состојба ........................ | 2 |
| 1995. | **Уредба** со законска сила за изменување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка по договорот за заем за финансирање на проектот за поврзување на локални патишта за време на вонредна состојба ................. | 4 |
| 1996. | **Уредба** со законска сила за начин на наплата на надоместоците од страна на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија од радиодифузерите кои вршат радио емитување за време на вонредна состојба................................ | 4 |
| 1997. | **Уредба** со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за финансиска поддршка на граѓани и вработени лица со низок доход, млади лица и здравствени работници преку издавање на домашна платежна картичка наменета за купување на македонски производи и услуги за време на вонредна состојба ..................................................... | 5 |
| 1998. | **Уредба** со законска сила за доделување на финансиска поддршка на ученици запишани во Јавните средни училишта за купување на училишен прибор, а кои се од семејни домаќинства со низок доход, за време на вонредна состојба .......................... | 5 |
| 1999. | **Уредба** со законска сила за издавање на ваучери на млади лица за обуки за дигитални вештини заради подобрување на нивната конкурентност на пазарот на трудот за време на вонредна состојба .......................... | 7 |
| 2000. | **Одлука** за дополнување на Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на коронавирус COVID-19 ........................................... | 10 |
| 2001. | **Одлука** за намалување на увозната давачка – царинската стапка на патенти за автонавлаки .......................... | 14 |

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 2002. | **Одлука** за изменување и дополнување на Одлуката за начинот на исплата на средства од сметката за донација на Фондот за помош и поддршка за справување со кризата предизвикана од Коронавирусот COVID - 19 | 14 |
| 2003. | **Одлука** за изменување на Одлуката за формирање на Дигитален форум за информатичко - комуникациски технологии | 15 |
| 2004. | **Одлука** за распределба на финансиски средства наменети за финансиска поддршка на здруженија и фондации за мерки за справување со КОВИД-19 кризата | 15 |
| 2005. | **Решение** за изменување на Решението за назначување на членови на Дигитален форум за информатичко - комуникациски технологии | 19 |
| | **Огласен дел** | 1-12 |


# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**1993.**

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 13 јуни 2020 година, донесе

## УРЕДБА
## СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ФОРМИРАЊЕ ФОНД ЗА ПОМОШ И ПОДДРШКА ЗА СПРАВУВАЊЕ СО КРИЗАТА ПРЕДИЗВИКАНА ОД COVID-19

Член 1

Во Уредбата со законска сила за формирање Фонд за помош и поддршка за справување со кризата предизвикана од Коронавирусот COVID-19 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.106/20, 139/20 и 140/20), во членот 5 зборовите „како и“ се заменуваат со зборовите „естрадните уметници“, а по зборот „мултиплекс“ се додаваат зборовите „и радиодифузерите кои од регулаторното тело надлежно за работите од областа на радиодифузија добиле дозвола за емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс или преку сателит, за надомест на трошоците за пренос на сигнал (дотур на модулации) за 2020 година“.

Член 2

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 44-5531/1 | Претседател на Владата |
| 13 јуни 2020 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Оливер Спасовски,** с.р. |

**1994.**

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 13 јуни 2020 година, донесе

## У Р Е Д Б А
## СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПЛАЌАЊЕ НА ДЕЛ ОД ПАРТИЦИПАЦИЈАТА ВО ТРОШОЦИТЕ ЗА СТУДИРАЊЕ ЗА СТУДЕНТИ, ПАРТИЦИПАЦИЈА ЗА СМЕСТУВАЊЕ ВО СТУДЕНТСКИ ДОМ И ПАРТИЦИПАЦИЈА НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ПРИВАТНО СМЕСТУВАЊЕ НА СТУДЕНТИ ЧИЕ ОБРАЗОВАНИЕ СЕ ФИНАНСИРА ОД БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, А СЕ ОД СЕМЕЈНИ ДОМАЌИНСТВА СО НИЗОК ДОХОД, ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

Член 1

Со оваа уредба со законска сила се уредуваат условите, начинот и постапката на плаќање на дел од партиципацијата во трошоците за студирање за студентите, партиципација за сместување во студентски дом и партиципација на трошоците за приватно сместување за студентите чие образование се финансира од Буџетот на Република Северна Македонија, погодени од здравствено-економската криза предизвикана од Коронавирусот COVID-19, преку Програмата на Министерството за образование и наука П1-Мерки за справување со COVID-19 кризата.

Член 2

Дел од партиципацијата во трошоците за студирање на студент се плаќа на студент кој е на редовни студии, запишан за прв пат на прв циклус на студии на јавните високообразовни установи во Република Северна Македонија и е член на семејно домаќинство во кое остварениот просечен месечен доход во семејството по сите основи за 2019 година не е поголем од просечната исплатена нето плата по вработен за месец март 2020 година, објавена од Државниот завод за статистика, согласно евиденцијата на Управата за јавни приходи.

Партиципација за сместување во студентски дом, се плаќа за студент кој е на редовни студии, запишан за прв пат на прв циклус на студии на јавните високообразовни установи во Република Северна Македонија и е член на семејно домаќинство во кое остварениот просечен месечен доход на семејното домаќинство по сите основи за 2019 година не е поголем од просечната исплатена нето плата по вработен за месец март 2020 година, објавена од Државниот завод за статистика, согласно евиденцијата на Управата за јавни приходи, и е сместен во државен студентски дом, односно во приватен студентски дом со кој Министерството за образование и наука има склучено договор за сместување на студенти.

Партиципација на трошоците за приватно сместување, се плаќа за студент кој е на редовни студии, запишан за прв пат на прв циклус на студии на јавните високообразовни установи во Република Северна Македонија и е член на семејно домаќинство во кое остварениот просечен месечен доход на семејното домаќинство по сите основи за 2019 година не е поголем од

просечната исплатена нето плата по вработен за месец март 2020 година, објавена од Државниот завод за статистика, согласно евиденцијата на Управата за јавни приходи и кој студира надвор од неговото место на живеење, како и да има склучено договор за закуп со закуподавач, нотарски заверен и пријавен во Управата за јавни приходи.

Член 3

Висината на средствата за делот од партиципацијата во трошоците за студирање за студентите од член 2 ставот (1) од оваа уредба со законска сила, е еднократна и изнесува до 6.000 денари.

Висината на средствата за партиципација на трошоците за сместување во студентски дом за студентите од член 2 ставот (2) од оваа уредба со законска сила, е еднократна и изнесува до 6.000 денари.

Висината на средствата за партиципацијата на трошоците за приватно сместување за студентите од член 2 ставот (3) од оваа уредба со законска сила, е еднократна и изнесува до 6.000 денари.

Студентот може да искористи само една од партиципациите од ставовите (1), (2) и (3) на овој член.

Средствата за делот од партиципацијата во трошоците за студирање од ставот (1) на овој член, се уплаќаат на јавната високообразовна установа на која студира студентот.

Средствата за партиципацијата за сместување во студентски дом од ставот (2) на овој член, се уплаќаат на студентскиот дом во кој е сместен студентот.

Средствата за партиципацијата на трошоците за приватно сместување за студентите од ставот (3) на овој член, се уплаќаат на сметката за закуподавачот наведена во договорот за закуп.

Студентот се определува за користење на една од партиципациите од ставовите (1), (2) и (3) на овој член, преку интернет платформата www.digitalizirajse.mon.gov.mk, односно www.digjitalizohu.mon.gov.mk.

Член 4

Студентот кој ќе поднесе изјава за користење на партиципацијата на трошоците за приватно сместување на интернет платформата www.digitalizirajse.mon.gov.mk, односно www.digjitalizohu.mon.gov.mk ги внесува следните податоци и докази: име и презиме, ЕМБГ, адреса на живеење, емаил адреса, јавна високообразовна установа на која е запишан студентот, договор за закуп со закуподавач, нотарски заверен и пријавен во Управата за јавни приходи и сметка на закуподавецот.

Министерството за образование и наука, по извршената проверка на податоците и доказите од ставот (1) на овој член, во рок од десет дена од денот на поднесувањето на изјавата од ставот (1) на овој член, на студентот на кој му е одобрено барањето преку емаил адрестата го известува дека му се одобруваат средствата кои ќе се уплатат на сметката за закуподавачот наведена во договорот за закуп.

Член 5

Студентите кои ги исполнуваат условите од членот (2) од оваа уредба со законска сила, за добивање на еднократен надомест до 6.000 денари, се пријавуваат на интернет платформата www.digitalizirajse.mon.gov.mk, односно www.digjitalizohu.mon.gov.mk, во рок од 10 дена од денот на завршување на уписите на студентите во академската 2020/2021 година, односно од 1 октомври до 10 октомври 2020 година.

Студентите од член 2 ставовите (1) и (2) од оваа уредба со законска сила, кон пријавата до Министерството за образование и наука на интернет платформата www.digitalizirajse.mon.gov.mk, односно www.digjitalizohu.mon.gov.mk ги доставуваат/ прикачуваат следните докази:

- потврда од високообразовната установа дека е редовен студент кој за прв пат запишал година во учебната 2020/2021 година,
- уверение со бројот на предвидени и положени испити од претходните години,
- заверен образец „УППИ“,
- изјава за семејната состојба на студентот, односно неговото потесно семејство (семејно домаќинство),
- потврда за последната исплатена плата (за родителите - старатели вработени во државни и јавните установи да се достави/прикачи потврда за плата заверена од овластен орган, а за родителите - старатели вработени во приватни фирми да се достави/прикачи потрда за плата како и заверена декларација за платата); за пензионираните членови на семејството да се достави/прикачи документ за висина на пензија - чек; за разведени родители да се достави/прикачи доказ за разводот и доколку кандидатот прима алиментација истата да се прикаже како месечен приход, за корисници на социјална помош да се достави/прикачи последно решение или последен чек,
- изјава за користење на личните податоци на студентот и неговото потесно семејство (родители - старатели, браќа, сестри), со која студентот се согласува Министерството за образование и наука по службена должност да ги обезбеди потребните документи од одредени институции со кои има склучено договори за соработка.

Министерството за образование и наука по службен пат, согласно потпишани договори за соработка, ќе ги обезбеди следните документи:

- уверение од Управата за јавни приходи, за остварен доход по разни основи за претходната година (доход од самостојна дејност, доход од вршење земјоделска дејност, доход од имот и имотни права, доход од капитал, капитални добивки, доход од игри на среќа и други наградни игри, друг доход) за двајцата родители - старатели на кандидатот поединечно и за самиот кандидат,
- потврда дека се невработени или примаат/не примаат паричен надоместок невработените членови на потесното семејство од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија и
- уверение за државјанство на Република Северна Македонија од Министерството за внатрешни работи.

Студентот кој се определил за исплата на партиципација на трошоците за приватно сместување, покрај документите од ставот (2) на овој член, доставува/прикачува и договор за закуп со закуподавач, нотарски заверен и пријавен во Управата за јавни приходи.

Министерството за образование и наука барањето за доставување на документите од ставот (3) на овој член, го доставува до институциите од ставот (3) на овој член во рок од три дена по истекување на рокот од ставот (1) на овој член.

Институциите од ставот (3) на овој член, документите ги доставуваат во рок од пет дена од денот на доставување на барањето од страна на Министерството за образование и наука.

Член 6

Листата на студенти кои користат дел од партиципацијата во трошоците за студирање, партиципација за сместување во студентски дом и партиципацијата на трошоците за приватно сместување, ја изготвува Министерството за образование и наука, врз основа на доставените податоци на интернет платформата www.digitalizirajse.mon.gov.mk, односно www.digjitalizohu.mon.gov.mk и доставените податоци од институциите од член 5 став (3) од оваа уредба со законска сила, најдоцна до 5 ноември 2020 година.

Листата од ставот (1) на овој член ги содржи следните податоци: име и презиме, ЕМБГ, адреса на живеење, емаил адреса, јавна високообразовна установа на која е запишан студентот, односно студентски дом во кој е сместен студентот, односно податоци за закуподавачот.

Податоците за Листата од ставот (1) на овој член се доставуваат и преземаат во криптирана форма согласно прописите за заштита на личните податоци. Собирањето, обработката и чувањето на личните податоци содржани во Листата од ставот (1) на овој член, се врши согласно прописите за заштита на личните податоци.

Врз основа на Листата од ставот (1) на овој член, Министерството за образование и наука на јавните високообразовни установи им уплаќа средства за дел од партиципацијата во трошоците за студирање за студентите од член (2) од оваа уредба со законска сила, до 25 декември 2020 година.

Врз основа на Листата од ставот (1) на овој член, Министерството за образование и наука на студентските домови им уплаќа средства за партиципација за сместување во студентски дом за студентите од член 2 од оваа уредба со законска сила, до 25 декември 2020 година.

Врз основа на Листата од ставот (1) на овој член, Министерството за образование и наука за студентите кои се определиле за партиципацијата на трошоците за приватно сместување им уплаќа средства на сметка на закуподавачите, најдоцна до 30 ноември 2020 година.

Член 7

Надзор над спроведувањето на одредбите од оваа уредба со законска сила, врши Државниот просветен инспекторат и Управата за јавни приходи, согласно нивните надлежности утврдени со закон.

Член 8

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 44-5538/1<br>13 јуни 2020 година<br>Скопје | Претседател на Владата<br>на Република Северна Македонија,<br>**Оливер Спасовски,** с.р. |

**1995.**

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10. 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 13 јуни 2020 година, донесе

**У Р Е Д Б А**
**СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СО ЗАЕМ КАЈ МЕЃУНАРОДНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ - СВЕТСКА БАНКА ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТОТ ЗА ПОВРЗУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА**

Член 1

Во Уредбата со законска сила за примена на Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за поврзување на локални патишта за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.123/20), во член 2 во ставот 1 алинеја 2 зборовите „април и мај 2020 година“ се заменуваат со зборовите „април, мај и јуни 2020 година“.

Член 2

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 44-5542/1<br>13 јуни 2020 година<br>Скопје | Претседател на Владата<br>на Република Северна Македонија,<br>**Оливер Спасовски,** с.р. |

**1996.**

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 13 јуни 2020 година, донесе

**У Р Е Д Б А**
**СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА НАЧИН НА НАПЛАТА НА НАДОМЕСТОЦИТЕ ОД СТРАНА НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ МАКЕДОНСКА РАДИОДИФУЗИЈА ОД РАДИОДИФУЗЕРИТЕ КОИ ВРШАТ РАДИО - ЕМИТУВАЊЕ ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА**

Член 1

Со оваа уредба со законска сила се утврдува начинот на наплата на надоместоци од страна на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија од радиодифузерите кои вршат радио емитување за време на вонредната состојба, а кои надоместоци се однесуваат на трошоците за обезбедување енергетско напојување на радиодифузни уреди и закуп на деловен простор на радиодифузни објекти на претпријатието, согласно Законот за основање на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија.

Член 2

На радиодифузерите кои обезбедуваат радио емитување (радија) Јавното претпријатие Македонска радиодифузија нема да им ги наплаќа трошоците за обезбедување на енергетско напојување на радиодифузни уреди за 2020 година и трошоците за закуп на деловен простор на радиодифузни објекти на ЈП МРД за 2020 година, определени со Ценовникот на услуги на јавното претпријатие.

Радиодифузерите од став 1 од овој член кои до денот на влегувањето во сила на оваа уредба со законска сила ги платиле надоместоците за обезбедување на енергетско напојување на радиодифузни уреди за 2020 година и надоместоците за закуп на деловен простор на радиодифузни објекти на ЈП МРД за 2020 година ќе се смета дека извршиле плаќање на надоместоците за 2021 година, согласно Законот за основање на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија.

Член 3

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-5543/1
13 јуни 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

---

**1997.**

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19 ), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 13 јуни 2020 година, донесе

**У Р Е Д Б А**
**СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ГРАЃАНИ И ВРАБОТЕНИ ЛИЦА СО НИЗОК ДОХОД, МЛАДИ ЛИЦА И ЗДРАВСТВЕНИ РАБОТНИЦИ ПРЕКУ ИЗДАВАЊЕ НА ДОМАШНА ПЛАТЕЖНА КАРТИЧКА НАМЕНЕТА ЗА КУПУВАЊЕ НА МАКЕДОНСКИ ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА**

Член 1

Во Уредбата со законска сила за финансиска поддршка на граѓани и вработени лица со низок доход, млади лица и здравствени работници преку издавање на домашна платежна картичка наменета за купување на македонски производи и услуги за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 137/20, 147/20, 151/20 и 154/20), во членот 3 по ставот (5), се додаваат два нови става (6) и (7) кои гласат:

„(6) Во однос на заштитата, чувањето, обработката и користењето на криптираните податоци содржани во Листите на корисници на финансиска поддршка согласно со оваа уредба со законска сила се применуваат прописите од областа на канцелариското и архивското работење и други прописи кои се однесуваат на работењето на субјектите и институциите опфатени со оваа уредба, при што во однос на заштитата при обработката и чувањето на личните податоци се применуваат и прописите за заштита на личните податоци“.

„(7) За веродостојноста на податоците содржани во Листите на корисници на финансиска поддршка согласно со оваа уредба со законска сила, одговорни се институциите кои ги доставиле истите врз основа на ставовите (1), (2) и (3) на овој член.“

Член 2

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44- 5546/1
13 јуни 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

**1998.**

Врз основа на членот 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 13 јуни 2020 година, донесе

**У Р Е Д Б А**
**СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИ ЗАПИШАНИ ВО ЈАВНИТЕ СРЕДНИ УЧИЛИШТА ЗА КУПУВАЊЕ НА УЧИЛИШЕН ПРИБОР, А КОИ СЕ ОД СЕМЕЈНИ ДОМАЌИНСТВА СО НИЗОК ДОХОД, ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА**

Член 1

Со оваа уредба со законска сила се уредуваат условите, начинот и постапката на доделување на финансиска поддршка на ученици запишани во јавните средни училишта во Република Северна Македонија за купување на училишен прибор, а кои се од семејни домаќинства со низок доход, погодени од здравствено-економската криза предизвикана од Коронавирусот COVID-19, финансирани од Буџетот на Република Северна Македонија преку Програмата на Министерството за образование и наука П1-Мерки за справување со COVID-19 кризата.

Член 2

Финансиска поддршка за купување на училишен прибор се доделуваат на ученици кои се државјани на Република Северна Македонија, запишани како редовни ученици во јавните средни училишта во Република Северна Македонија во учебната 2020/2021 година, постари од 16 години на денот на влегувањето во сила на оваа уредба со законска сила и се членови на семејно домаќинство во кое остварениот просечен месечен доход во семејството по сите основи за 2019 година не е поголем од просечната исплатена нето плата по вработен за месец март 2020 година, објавена од Државниот завод за статистика, согласно со евиденцијата на Управата за јавни приходи (во натамошниот текст: ученици).

Училишен прибор, во смисла на оваа уредба со законска сила се: тетратки, листови за боење (блок за цртање), прибор за пишување, прибор за боење, бои, училишни торби (ранци), гуми за бришење, острилки за моливи, прибор за пенкала и моливи, технички моливи, калкулатори, глина за моделирање, линијари, шестари, лектири, брајова хартија, како и спортска опрема (спортски обувки и спортска маица и спортски панталони) за потребите на наставата за спорт и спортски активности.

Член 3

Финансиската поддршка за купување на училишен прибор за учениците од членот 2 од оваа уредба со законска сила, е еднократна и изнесува до 3.000 денари.

Финансиската поддршка од ставот (1) на овој член, му се исплаќа на ученикот на домашната платежна картичка издадена на начин уреден со Уредбата со законска сила за финансиска поддршка на граѓани и вработени лица со низок доход, млади лица и здравствени работници преку издавање на домашна платежна картичка наменета за купување на македонски производи и услуги за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 137/20, 147/20 и 151/20).

На ученик кој не поседува домашна платежна картичка, истата ќе му биде издадена согласно со начинот уреден со уредбата од ставот (2) на овој член.

Финансиската поддршка од ставот (1) на овој член, се исплаќаат на домашната платежна картичка на ученикот најдоцна до 15 септември 2020 година, а ученикот треба да ги искористи најдоцна до 15 октомври 2020 година.

По истекот на рокот од ставот (4) на овој член, престанува можноста за користење на финансиската поддршка за купување на училишен прибор. Ученикот, финансиската поддршка од ставот (1) на овој член, може да ја искористи само за купување на училишен прибор кај правни и физички лица вршители на стопанска дејност, резиденти на Република Северна Македонија кои се регистрирани согласно со Националната класификација на дејности, односно Меѓународната категоризација на трговец по ИСО стандардизација, дадена во Прилог, кој е составен дел на оваа уредба со законска сила.

За направениот промет на училишен прибор, правните и физички лица вршители на стопанска дејност издаваат фискална сметка. Фискална сметка која содржи производи кои не се училишен прибор не може да се плаќаат со домашната платежна картичка.

Примената финансиска поддршка за купување на училишен прибор не се оданочува со данок на доход согласно со Законот за данокот на личен доход.

По истекот на рокот од ставот (4) на овој член, збирниот износ на неискористени парични средства за купување на училишен прибор за учениците, банката издавач на домашната платежна картичка е должна да го врати на буџетската сметка на Министерството за образование и наука, во рок од три дена од рокот во ставот (4) на овој член, без наплата на трошоци за извршената трансакција. Банката издавач на домашната платежна картичка заедно со враќањето на неискористените средства до Министерството за образование и наука ќе достави Информација за искористените (потрошени) средства и за неискористените (непотрошени) средства што ги враќа поединечно по ученик и збирно, најдоцна до 30 октомври 2020 година.

Член 4

Учениците кои ги исполнуваат условите од член 2 став (1) од оваа уредба со законска сила, за добивање на еднократен надомест до 3.000 денари за купување на училишен прибор, задолжително се пријавуваат на интернет платформата www.digitalizirajse.mon.gov.mk, односно www.digjitalizohu.mon.gov.mk, во рок од 10 дена од денот на активирање на платформата. Министерството за образование и наука до средината на август месец ќе објави известување на својата интернет страна за почетокот и завршувањето на пријавувањето на учениците.

Учениците кон пријавата до Министерството за образование и наука во печатена форма или преку интернет платформата www.digitalizirajse.mon.gov.mk, односно www.digjitalizohu.mon.gov.mk ги доставуваат/прикачуваат следните докази:

- потврда од училиштето дека е редовен ученик запишан во јавните средни училишта во учебната 2020/2021 година,
- за финансиската состојба на семејното домаќинство на ученикот, односно неговото потесно семејство,
- потврда за последна остварена плата на вработените членови на семејно домаќинство за 2019 година (за родителите - старатели вработени во државни и јавните установи да се достави/прикачи потврда за плата заверена од овластен орган, а за родителите - старатели вработени во приватни фирми да се достави/прикачи потврда за плата како и заверена декларација за плата); за пензионираните членови на семејството да се достави/прикачи документ за висина на пензија - чек; за разведени родители да се достави/прикачи доказ за разводот и доколку кандидатот прима алиментација истата да се прикаже како месечен доход, за корисници на социјална помош да се достави/прикачи последно решение или последен чек,
- изјава за користење на личните податоци на ученикот и неговото потесно семејство (родители - старатели, браќа, сестри), со која ученикот се согласува Министерството за образование и наука по службена должност да ги обезбеди потребните документи од одредени институции со кои има склучено договори за соработка.

Министерството за образование и наука по службен пат, согласно потпишани договори за соработка, ќе ги обезбеди следните документи:

- уверение од Управата за јавни приходи, за остварен доход по разни основи за претходната година (доход од самостојна дејност, доход од вршење земјоделска дејност, доход од имот и имотни права, доход од капитал, капитални добивки, добивки од игри на среќа и други наградни игри, друг доход) за двајцата родители - старатели на кандидатот поединечно и за самиот кандидат,
- потврда дека се невработени или примаат/не примаат паричен надоместок невработените членови на потесното семејство од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија и
- уверение за државјанство на Република Северна Македонија од Министерството за внатрешни работи

Министерството за образование и наука барањето за доставување на документите од ставот (3) на овој член, го доставува до институциите од ставот (3) на овој член во рок од три дена по истекување на на рокот од ставот (1) на овој член.

Институциите од ставот (3) на овој член, документите ги доставуваат во рок од пет дена од денот на доставување на барањето од страна на Министерството за образование и наука.

Министерството за образование и наука во рок од 45 дена од денот на влегување во сила на оваа уредба со законска сила ќе ја активира интернет платформата www.digitalizirajse.mon.gov.mk, односно www.digjitalizohu.mon.gov.mk.

Министерството за образование и наука изготвува Листа на корисници на средства за купување на училишен прибор и ја објавува на интернет платформата www.digitalizirajse.mon.gov.mk, односно www.digjitalizohu.mon.gov.mk најдоцна до 10 септември 2020 година и ја доставува до банките издавачи на домашна платежна картичка.

Во рок од три дена од денот на објавување на Листа на корисници на средства за купување на училишен прибор од ставот (7) на овој член, Министерството за образование и наука врши исплата на средствата за финансиска поддршка за купување на училишен прибор на банките издавачи на домашна платежна картичка во висина утврдена за секоја банка одделно.

Член 5

Листата на корисници на финансиска поддршка за купување на училишен прибор содржи податоци за: име и презиме, ЕМБГ, училиште во кое е запишан, адреса на живеење и емаил адреса. Листата може да содржи и податоци за телефонски број за контакт, општина, регистарски број на лична карта на ученикот, односно на еден од родителите, надлежен орган кој ја издал личната карта и датум на важење на личната карта.

Податоците од Листата од ставот (1) на овој член, се доставува и презема во криптирана форма согласно прописите за заштита на личните податоци. Собирањето, обработката и чувањето на личните податоци содржани во Листата од ставот (1) на овој член, се врши согласно прописите за заштита на личните податоци.

Член 6

Инспекциски надзор над спроведувањето на одредбите на оваа уредба со законска сила, врши Државниот пазарен инспекторат согласно надлежностите утврдени со закон.

Член 7

Глоба во износ од 100 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице (микро трговец), од 300 до 1.000 евра во денарска противвредност на правно лице (мал трговец), од 1.000 до 3.000 евра во денарска противвредност на правно лице (среден трговец) и од 1.000 до 3.000 евра во денарска противвредност на правно лице (голем трговец) ако постапува спротивно на одредбата од членот 3 став 6 од оваа уредба со законска сила.

Глоба во износ од 100 до 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на трговец поединец, физичко лице кое врши стопанска дејност ако постапува спротивно на одредбата од членот 3 став 6 од оваа уредба со законска сила.

Глоба во износ од 50 до 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на одговорно лице во правно лице (микро трговец), од 100 до 500 евра во денарска противвредност на одговорно лице во правно лице (мал трговец), од 150 до 500 евра во денарска противвредност на одговорно лице во правно лице (среден трговец) и од 200 до 500 евра во денарска противвредност на одговорно лице во правно лице (голем трговец) за сторениот прекршок од ставот (1) на овој член.

Одмерувањето на висината на глобата за правно лице, трговец поединец, физичко лице кое врши стопанска дејност, физичко лице регистрирани во регистарот за сместување и одговорно лице во правното лице се врши согласно Законот за прекршоците.

Прекршочните постапки води и прекршочните санкции изрекува надлежниот суд.

Член 8

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-5470/1
13 јуни 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

**Прилог**

**Дејности за кои може да се плаќа со домашна платежна картичка за купување на училишен прибор**

| | |
|---|---|
| **47.6** | **Трговија на мало со производи за култура и рекреација во специјализирани продавници** |
| 47.61 | Трговија на мало со книги во специјализирани продавници |
| 47.62 | Трговија на мало со весници и канцелариски прибор во специјализирани продавници |
| 47.64 | Трговија на мало со спортска опрема во специјализирани продавници |
| 47.65 | Трговија на мало со игри и играчки во специјализирани продавници |
| 47.7 | Трговија на мало со други стоки во специјализирани продавници |
| 47.71 | Трговија на мало со облека во специјализирани продавници |
| 47.72 | Трговија на мало со обувки и предмети од кожа во специјализирани продавници |

**1999.**

Врз основа на членот 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членот 36 став (1) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 13 јуни 2020 година, донесе

**У Р Е Д Б А**
**СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ВАУЧЕРИ НА МЛАДИ ЛИЦА ЗА ОБУКИ ЗА ДИГИТАЛНИ ВЕШТИНИ ЗАРАДИ ПОДОБРУВАЊЕ НА НИВНАТА КОНКУРЕНТНОСТ НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА**

Член 1

Со оваа уредба со законска сила, се уредуваат условите, начинот и постапката за издавање и користење на ваучери на млади лица за обуки за дигитални вештини заради подобрување на нивната конкурентност на пазарот на трудот, погодени од здравствено-економската криза предизвикана од Коронавирусот COVID-19.

Средствата за спроведување на оваа уредба се обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија преку Програмата на Министерството за образование и наука П1-Мерки за справување со COVID-19 кризата, во вкупен износ од 150.000.000,00 денари.

Член 2

„Млади лица“ се државјани на Република Северна Македонија, со завршено најмалку средно образование и не постари од 29 години на денот на влегувањето во сила на оваа уредба со законска сила.

„Корисник на ваучер за обуки за дигитални вештини“ е младо лице чие барање за користење на ваучер за стекнување со дигитални вештини е одобрено и ги посетува обуките за кои му е издаден ваучерот.

„Даватели на обуки за дигитални вештини“ се резидентни правни лица кои се запишани во Листата на даватели на обуки за дигитални вештини и обуки за дигитални вештини, која ја воспоставува и води Министерството за образование и наука, на начин и под услови утврдени со оваа уредба со законска сила.

„Ваучер за обуки за дигитални вештини“ е вредносен ваучер со номинална вредност до 30.000 денари, издаден од Министерството за образование и наука, а кој е наменет за млади лица за добивање на обуки за стекнување со дигитални вештини обезбедени од страна на правни лица – даватели на обуки за дигитални вештини (во натамошниот текст: ваучерот). Ваучерот гласи на име и презиме на корисникот на ваучерот и содржи единствен QR код, рок на важење на ваучерот, назив на обука за дигитални вештини и назив на давателот на обука за дигитални вештини кој ја обезбедува обуката, вредност на ваучерот, како и други корисни информации и инструкции за употреба.

„Искористен ваучер за обуки за дигитални вештини“ е ваучер за стекнување со дигитални вештини кој давателот на обуки за дигитални вештини го евидентирал како употребен ваучер, на начин и под услови утврдени со оваа уредба со законска сила.

„Дигитални вештини“ се вештини за управување со софтверски апликации и хардверски компоненти, вештини на напредно програмирање, како и вештини за употреба на дигитални технологии чија цел е управување со средства за електронска комуникација и пренос на информации и средства за електронска комуникација, како и поврзани вештини преку кои се овозможува употреба на информациско комуникациски технологии, а кои се предложени од давател на обуки за дигитални вештини и кои се запишани во Листата на даватели на обуки за дигитални вештини и обуки за дигитални вештини, која ја воспоставува и води Министерството за образование и наука.

Член 3

Висината на средствата кои ги исплаќа Министерството за образование и наука за обуките за дигитални вештини изнесува до 50% од вкупниот износ на обуката за дигитални вештини, но не повеќе од 30.000 денари по корисник на ваучер за обуки за дигитални вештини.

Корисникот на ваучер за обука за дигитални вештини има право да добие еден ваучер.

Член 4

Барањето за издавање на ваучер за обуки за дигитални вештини се поднесува преку Националниот портал за електронски услуги, кој го води Министерството за информатичко општество и администрација.

Барањето од ставот 1 на овој член, младото лице го поднесува преку својот кориснички профил на Националниот портал за електронски услуги (во натамошниот текст: Порталот) на основно ниво на сигурност, согласно Правилникот за начинот на проверка на идентитетот на корисникот при поднесувањето на барањето по електронски пат со користење на единствената околина („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19).

Доколку младото лице нема кориснички профил на Порталот, поднесува барање во форма на електронска порака за отварање на кориснички профил на Порталот до електронската адреса: obuki@uslugi.gov.mk, со која управува Министерството за информатичко општество и администрација.

Младото лице е должно во прилог кон барањето од ставот 3 на овој член, да достави скенирана лична карта или патна исправа и мобилен телефонски број за контакт.

По поднесување на барањето од ставот 3 на овој член, а доколку истото ги содржи бараните податоци од ставот 4 на овој член, Министерството за информатичко општество и администрација спроведува постапка за автентикација на идентитетот на подносителот на барањето за отварање на кориснички профил преку телефонски повик до мобилниот телефонски број за контакт кое го навело младото лице во своето барање, заради потврда на интегритетот на доставените податоци и нивната поврзаност со подносителот на барањето од ставот 3 на овој член.

По спроведената постапка за автентикација од ставот 5 на овој член, Министерството за информатичко општество и администрација врши регистрација на кориснички профил на Порталот во име и за сметка на младото лице.

По извршената регистрација на кориснички профил на младото лице на Порталот, младото лице може да го поднесе барањето од ставот 1 на овој член.

Младото лице како прилог кон барањето од ставот 1 на овој член, прикачува скениран примерок од дипломата за завршено образование.

Барањето од ставот 1 на овој член, кое не го содржи прилогот од ставот 8 на овој член, се смета за нецелосно барање и истото ќе биде отфрлено.

Член 5

По поднесеното барање на начин и под услови определени со член 4 од оваа уредба со законска сила, Порталот врши проверка на личните податоци на младото лице во Централниот регистар на население, за проверка на точноста на личните податоци и исполнетоста на условите, со употреба на логички поврзани процеси, согласно Законот за електронско управување и електронски услуги и прописите од обласата на заштитата на личните податоци.

Член 6

Барањето за издавање на ваучер за обуки за дигитални вештини може да се поднесе најдоцна во рок од петнаесет дена сметано од денот на објавување на Листата на одобрени даватели на дигитални вештини и на одбуки за дигитални вештини на веб страницата на Министерството за образование и наука.

Министерството за образование и наука, во рок од пет дена од денот на поднесувањето на барањето за издавање на ваучер за обуки за дигитални вештини го доставува ваучерот до корисничкиот профил на Порталот на корисникот на ваучерот за обуки за дигитални вештини, во форма на електронски документ, согласно Правилникот за задолжителните елементи на електронските документи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 47/20).

Бројот на ваучерите е ограничен со вкупната вредност од член 1 став 2 од оваа уредба со законска сила и се распределува според пријавените даватели на обуки за дигитални вештини за различни видови обуки и според пријавените учесници-корисници на ваучери за обуки за дигитални вештини, за секоја обука поединечно.

Доколку за некоја од обуките има поголем интерес од пријавениот број на учесници - корисници на ваучери за обуки за дигитални вештини кај еден ист давател на обуки за дигитални вештини, предност ќе имаат првопријавените кандидати.

Корисниците на ваучери за обуки за дигитални вештини можат да ги искористат издадените ваучери во период од 15 август 2020 година до 15 декември 2020 , кај давателот на обуки за дигитални вештини.

Ваучерот за обуки за дигитални вештини е неделив и се користи еднократно кај еден давател на обуки за дигитални вештини.

Ваучерот за обуки за дигитални вештини може да го искористи само корисникот на ваучерот на чие име е издаден ваучерот и само обуката за која било поднесено барањето.

Член 7

Барање за упис во Листата на даватели на обуки за дигитални вештини и на обуки за дигитални вештини, правните лица го поднесуваат преку Порталот.

Барањето од ставот 1 на овој член, го поднесува овластеното лице во правното лице преку својот кориснички профил на Националниот портал за електронски услуги на основно ниво на сигурност, согласно Правилникот за начинот на проверка на идентитетот на корисникот при поднесувањето на барањето по електронски пат со користење на единствената околина („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19).

Барањето од ставот 1 на овој член, содржи: назив на давателот на услугата, име и презиме на застапникот по закон, адреса на давателот на обуки, општина, телефонски број, емаил адреса, ЕДБ, ЕМБС, сметка на давателот на обуки на која ќе се исплаќа вредноста на искористените ваучери за обука за стекнување со дигитални вештини, со прилог скениран примерок од тековна состојба од Централниот регистар на Република Северна Македонија, како и податоци за обуките за дигитални вештини кои планира да ги обезбеди за корисниците на ваучери и тоа: назив на обука, тип на дигитална вештина, времетраење на обука, вкупен износ на обуката и број на слободни места, за секоја обука поединечно.

Барањето од ставот 1 на овој член, се поднесува во рок од десет дена од денот на објавата на повикот за изразување на интерес за запишување во Листата на даватели на обуки за дигитални вештини и на обуки за дигитални вештини на веб страницата на Министерството за образование и наука.

Повикот од ставот 4 на овој член, се објавува во рок од петнаесет дена од денот на влегувањето во сила на оваа уредба со законска сила.

Член 8

Дигиталниот форум на Република Северна Македонија во рок од десет дена од денот на истекот на рокот за пријавување на даватели на дигитални вештини за упис во Листата на даватели на обуки за дигитални вештини и на обуки за дигитални вештини, врши проверка на комплетноста на документацијата и соодветноста на предложените обуки со истражувањата за потребите за дигитални вештини спроведени од стопанските комори и врши упис на давателот на обуки за дигитални вештини во Листата на даватели на обуки за дигитални вештини и на обуки за дигитални вештини.

Известувањето за извршен упис во Листата од ставот 1 на овој член, се испраќа до корисничкиот профил на Порталот на овластеното лице на правното лице преку кој е поднесено барањето од член 7 став 1 од оваа уредба со законска сила.

Дигиталниот форум ја утврдува Листата на даватели на обуки за дигитални вештини и обуки за дигитални вештини во рок од 35 дена од денот на влегувањето во сила на оваа уредба со законска сила.

Министерството за образование и наука ја објавува Листата на одобрени даватели на обуки за дигитални вештини и на одобрени обуки за дигитални вештини, на својата веб страница во рок од 35 дена од денот на влеување во сила на оваа уредба.

По доставата на известувањето од ставот 3 на овој член, на давателот на обуки за дигитални вештини Министерството за образование и наука му доставува типски договор на електронската адреса на правното лице наведена во барањето, заради регулирање на меѓусебните права и обврски кои произлегуваат од оваа уредба со законска сила.

Давателот на обуки за дигитални вештини преку Порталот го евидентира ваучерот за обука како искористен со внесување на ознаките на ваучерот од членот 2 став , 4 од оваа уредба со законска сила, со скенирање на QR кодот на ваучерот за обука.

Член 9

Министерстото за образование и наука врши исплата на давателите на обуки за дигитални вештини врз основа на извештај за одржани обуки за стекнување со дигитални вештини, по доставена фактура и доказ (диплома/сертификат/потврда) дека корисниците на ваучери успешно ја завршиле обуката за дигитални вештини.

Исплатата од ставот 1 на овој член, се врши почнувајки од 5-ти во тековниот месец за претходниот месец, освен исплатата за искористените ваучери во период од 1 декември 2020 година до 15 декември 2020 година, која ќе се изврши до 25 декември 2020 година.

Ако обуката е со траење подолго од 15 декември 2020 година, за да се исплатат средствата на давателот на обуки за дигитални вештини, давателот на обуки за дигитални вештини до Министерството за образование и наука доставува извештај дека младото лице-корисник на ваучерот успешно ја следи обуката.

Давателот на обуки за дигитални вештини нема право на исплата на ваучери за обуки кои не биле на листата на обуки од член 8 став 5 од оваа уредба со законска сила.

Член 10

Инспекциски надзор над спроведувањето на одредбите на оваа уредба со законска сила врши Државниот пазарен инспекторат согласно надлежностите утврдени со закон.

Член 11

Глоба во износ од 100 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице (микро трговец), од 300 до 1.000 евра во денарска противвредност на правно лице (мал трговец), од 1.000

до 3.000 евра во денарска противвредност на правно лице (среден трговец) и од 1.000 до 3.000 евра во денарска противвредност на правно лице (голем трговец) ако поднесе неточен или лажен извештај од членот 9 став 1 од оваа уредба со законска сила.

Глоба во износ од 50 до 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на одговорно лице во правно лице (микро трговец), од 100 до 500 евра во денарска противвредност на одговорно лице во правно лице (мал трговец), од 150 до 500 евра во денарска противвредност на одговорно лице во правно лице (среден трговец) и од 200 до 500 евра во денарска противвредност на одговорно лице во правно лице (голем трговец) за сторениот прекршок од ставот 1 на овој член.

Одмерувањето на висината на глобата за правно лице и одговорно лице во правното лице се врши согласно Законот за прекршоците.

Прекршочните постапки ги води и прекршочните санкции ги изрекува надлежниот суд.

Член 12

Злоупотребата и фалсификувањето на ваучерот за обуки за стекнување со дигитални вештини подлежи на казна согласно Кривичниот законик.

Член 13

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 44-5471/1 | Претседател на Владата |
| 13 јуни 2020 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Оливер Спасовски,** с.р. |

---

**2000.**

Врз основа на член 58 став (1) од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија" бр.66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15 и 37/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 13 јуни 2020 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА МЕРКИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ВНЕСУВАЊЕ И ШИРЕЊЕ НА КОРОНАВИРУС COVID-19

Член 1

Во Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.62/20, 63/20, 64/20, 66/20, 70/20, 72/20, 92/20, 100/20, 107/20, 109/20, 119/20, 123/20, 125/20, 126/20, 134/20, 136/20, 140/20, 147/20, 153/20, 154/20 и 156/20), во член 1, став 1, по точката 14 се додава нов став кој гласи:

„Од 15 јуни 2020 година се дозволува непречен транзит на странски државјани низ територијата на Република Северна Македонија, со задолжително почитување на Протоколот за непречен транзит на странски државјани низ територијата на Република Северна Македонија од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство и од Министерството за надворешни работи, кој е даден на македонски и англиски јазик во Прилог број 22 и е составен дел на оваа одлука."

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 44-2147/22 | Претседател на Владата |
| 13 јуни 2020 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Оливер Спасовски,** с.р. |

---

**Прилог број 22**

**Протокол за непречен транзит на странски државјани низ територијата на Република Северна Македонија**

1. Државјаните на други држави кои транзитираат низ територијата на Република Северна Македонија, до целосната либерализација на режимот за влез и излез во нашата држава, можат да ги користат следните гранични премини: Табановце, Деве Баир, Богородица, Кафасан, Блаце и аеродром Скопје

2. Транзитот подразбира влез на еден граничен премин и излез на друг од претходно наведените премини, со обврска при транзитот да не се излегува од соодветниот автопат или локален пат, тој да се реализира во рамките на најмногу 5 часа

3. Лицата кои транзитираат можат да ги користат услугите на постојните бензински станици кои се на нивната рута, но со задолжително почитување на сите протоколи на Министерството за здравство кои се во сила, со цел спречување на внесувањето и ширење на Корона вирусот COVID-19 и сите задолженија кои произлегуваат од истите. Компаниите на бензинските станици се должни да спроведат засилени контроли и надзор над примената и почитување на мерките и надзор при спроведувањето на истите

4. Во функција на обезбедување на непречен транзит, се воведува нова Изјава (во прилог на овој протокол) која странските државјани треба да ја пополнат на влез на територијата на Република Северна Македонија, граничната полиција да ја завери, а која при излез треба корисникот да ја предаде на граничната полиција со цел да се контролира времетраењето на транзитот

5. Непочитувањето на правилото под точка 4 на овој Протокол, односно губењето на Изјавата може да има за последица лицата кои транзитираат низ територијата на Република Северна Македонија да бидат упатени во државен карантин, со цел проверка на нивната здравствена состојба

6. Со влегувањето во сила на овој Протокол престанува обврската за странските државјани да го најавуваат својот транзит преку нивните дипломатско - конзуларни претставништва, што беше услов за спроведувањето на транзитот.

И З Ј А В А

Јас, ______________________________________________________________

со пасош број ______________________________________________________

и со возило со регистарски таблици број ______________________________

изјавувам дека со мене има ___________ патници (да се наведе бројот) и дека

за време на транзитирањето од ________________________________________

до ____________________________________ (да се наведат државите) ќе се придржувам на пропишаното време за транзит низ територијата на Република Северна Македонија во траење до пет часа, нема да излегувам од потребната маршута, се обврзувам задолжително да ја предадам Изјавата на излез од државата на претставникот на граничната полиција (во спротивно може да следи упатување во државен карантин) и ќе ги почитувам сите пропишани протоколи и мерки кои се во сила за спречување на внесувањето и ширење на Корона вирусот COVID-19, а кои се во согласност со стандардите и препораките на Светската здравствена организација.

Потпис на подносителот

_____________________

Време на влегување ___________________

Заверка на службено лице од

Министерството за внатрешни работи

на Република Северна Македонија

_______________________________

(потпис и печат)

**Protocol**

for unimpeded transit of foreign nationals through the territory of

the Republic of North Macedonia

1. Until the final liberalization of the regime for entry in and exit from the territory of the Republic of North Macedonia, foreign nationals may use the following border crossing points for transiting through the territory of the Republic of North Macedonia: Tabanovce, Deve Bair, Bogorodica, Kjafasan, Blace and the Border Crossing Point at the Skopje Airport

2. Transit shall mean entry at a border crossing point and exit from another border crossing point, referred to in Item 1 of this Protocol, while in the course of transit foreign nationals are not allowed to deviate from the designated motorways or regional roads and the transit shall be completed within 5 hours

3. Foreign nationals transiting through the territory of the Republic of North Macedonia may avail themselves of the facilities at gas stations along their route, being under the obligation to respect all protocols prescribed by the Ministry of Health applied with a view to prevent the introduction and spread of the COVID-10 virus and all duties set forth under said Protocols. Companies owning gas stations are under the obligation to implement enhanced controls and supervision of the implementation of and respect for relevant protective and preventive measures

4. With a view to facilitating unimpeded transit, the herewith enclosed Statement is hereby introduced, which foreign nationals are to fill in and sign upon entry in the territory of the Republic of North Macedonia; the filled in and signed Statement shall be certified by the border police and foreign nationals shall present such signed and certified Statement to the border police upon exit from the territory of the Republic of North Macedonia, in order that the border police examine and control and duration of the transit

5. The consequence for foreign nationals transiting through the territory of the Republic of North Macedonia for the non-fulfilment of the rule under Item 4 of this Protocol, may be their referral to compulsory state quarantine, in order for their health status to be checked and verified

6. Upon the entry into force of this Protocol, the obligation of foreign nationals to register their transit via diplomatic missions and consular posts of their respective countries, as a condition for the transit to be approved, shall cease to apply.

STATEMENT

I,

________________________________________________________

holder of passport No.

_____________________________________________

using a vehicle with vehicle registration plates No.

___________________________

hereby confirm that I am travelling with __________ co-passengers (state the number) and that

in the course of the transit from __________________________________

to ________________________________ (state the countries) I shall abide by the prescribed period of five hours for transit through the territory of the Republic of North Macedonia, then that I shall not deviate from the designated route for transiting, as well as that I shall obligatorily present this Statement upon exit from the country to the border police (and if I do not present the Statement, I accept that I may be referred to state quarantine) and that I shall abide by and apply all prescribed protocols and measures in force with a view to preventing the introduction and spread of the COVID-19 virus, which are in pursuance with the standards and recommendations of the World Health Organization.

Signature

__________________

Time of entry ______________

Certification by an official person from

Ministry of the Interior of

the Republic of North Macedonia

____________________________

(signature and seal)

**2001.**

Врз основа на член 19 став 7 од Царински закон („Службен весник на Република Македонија" бр. 39/05, 4/08, 48/10, 158/10, 44/11, 53/11, 11/12, 171/12, 187/13, 15/15, 129/15, 154/15, 192/15, 23/16 и 144/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 12 јуни 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА УВОЗНАТА ДАВАЧКА – ЦАРИНСКАТА СТАПКА НА ПАТЕНТИ ЗА АВТО НАВЛАКИ**

Член 1

Со оваа одлука се пропишува мерка за намалување на увозната давачка – царинската стапка за патенти за автонавлаки и тоа:

| Тарифна ознака | Опис | Царинска стапка |
|---|---|---|
| ex 9607 19 00 00 | Пластичен патент затворач за автонавлаки: | 7,7% |

Член 2

За остварување на правото од член 1 на оваа одлука кон царинската декларација се поднесува:

- Доказ дека корисникот е регистриран производител со Решение од Централен регистер на Република Северна Македонија;
- Изјава од корисникот дека увезената стока ќе се користи исклучиво за потребите на сопственото производство наменето за извоз;
- Мислење од Стопанска комора на Македонија дека стоката не се произведува во Република Северна Македонија односно не се произведува во доволни количини;
- Утврден норматив на стоката што се увезува од член 1 на оваа одлука која ќе се користи како суровина/репроматеријал за производство на готовиот производ автонавлаки;
- Извештај за вкупно произведена, фактурирана и наплатена количина на готовиот производ-автонавлаки, во кој како суровина/репроматеријал е користена стоката од член 1 на оваа одлука.

Член 3

Стоката од член 1 на оваа одлука која е ставена во слободен промет останува под царински надзор. Царинскиот надзор престанува кога престануваат условите поради кои стоката е ставена во слободен промет со намалување на увозната давачка-царинската стапка, кога стоката се извезува или уништува, кога стоката е употребена за други цели кои не се пропишани во оваа одлука и кога царинските давачки се платени.

Царинската управа на крајот на секој месец да доставува извештај до Министерството за финансии и Министерството за економија за остварен увоз на стоката во членот 1 од Одлуката и остварен извоз на готовиот производ-автонавлаки.

Член 4

Стоката од член 1 на оваа одлука ќе се увезува заклучно со 31.10.2020 година.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 44-3587/1
12 јуни 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

---

**2002.**

Врз основа на член 6 од Уредбата со законска сила за формирање на Фонд за помош и поддршка за справување со кризата предизвикана од Коронавирусот COVID – 19 („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.106/20, 139/20, 140/20 и 157/20), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 13 јуни 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА НАЧИНОТ НА ИСПЛАТА НА СРЕДСТВА ОД СМЕТКАТА ЗА ДОНАЦИЈА НА ФОНДОТ ЗА ПОМОШ И ПОДДРШКА ЗА СПРАВУВАЊЕ СО КРИЗАТА ПРЕДИЗВИКАНА ОД КОРОНАВИРУСОТ COVID - 19**

Член 1

Во Одлуката за начинот на исплата на средства од сметката за донација на Фондот за помош и поддршка за справување со кризата предизвикана од Коронавирусот COVID – 19 („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 140/20), во член 2 став 1 во алинејата 2 по зборот „состојба" сврзникот „и" се заменува со точка и запирка и се додава нова алинеја 3, која гласи:

„- естрадните уметници согласно Уредбата со законска сила за финансиска поддршка на естрадните уметници за време на вонредна состојба;"

По алинејата 3 која станува алинеја 4 се додава нова алинеја 5 која гласи:

„Радиодифузерите кои од регулаторното тело надлежно за работите од областа на радиодифузија добиле дозвола за емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс или преку сателит, за надомест на трошоците за пренос на сигнал (дотур на модулации) за 2020 година, согласно Уредбата со законска сила за формирање Фонд за помош и поддршка за справување со кризата предизвикана од Коронавирусот COVID-19."

Во ставот 2 зборовите „алинеите 1 и 2 на овој член" се заменуваат со зборовите „ став 1 алинеите 1 и 2 на овој член,".

По ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Средствата од алинејата 3 од став 1 на овој член, се исплаќаат врз основа на доставени барања за користење на финансиска поддршка на естрадните уметници, до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, по кои Генералниот секретар донесува решенија за утврдување право на финансиска подршка на естрадни уметници."

По ставот 3 кој станува став 4 се додава нов став 5 кој гласи:

„Средствата од став 1 алинеја 5 на овој член, се исплаќаат на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи врз основа на нивните месечни извештаи доставени до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, со детален преглед за надомест на трошоците на радиодифузерите од став 1 алинеја 5 на овој член, за пренос на сигнал (дотур на модулации) за 2020 година.“.

Во ставот 3 кој станува став 4, зборовите „алинеа 3 на овој член“ се заменуваат со зборовите „став 1 алинеја 4 на овој член,“.

Во ставот 4 кој станува став 6 зборовите „ставовите 2 и 3“ се заменуваат со зборовите „ставовите 2, 3, 4 и 5“.

Во ставот 5 кој станува став 7 зборовите „алинеите 1 и 2 на овој член“ се заменуваат со зборовите „алинеите 1, 2 и 3 од став 1 на овој член,“.

Во ставот 6 кој станува став 8 зборовите „алинеа 3 на овој член“ се заменуваат со зборовите „став 1 алинеја 4 на овој член,“ а зборовите „ставот 3“ се заменуваат со зборовите „ставовите 4 и 5“.

Член 2

По членот 2 се додава нов член 2-а, кој гласи:

„Член 2-а

Операторите на јавни електронски комуникациски мрежи ги доставуваат месечните извештаи за првиот и вториот квартал од 2020 година до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, во рок од осум дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Исплатата на средствата од член 2 став 5 од оваа одлука за месечните извештаи од првиот и вториот квартал за 2020 година, се врши во рок од осум дена, сметано од денот на доставата на извештаите од ставот 1 на овој член.

Операторите на јавни електронски комуникациски мрежи ги доставуваат месечните извештаи од член 2 став 5 од оваа одлука за останатите месеци од 2020 година до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, најдоцна до петнаесеттиот ден од месецот за кој се однесува извештајот.

Исплатата на средствата од член 2 став 5 од оваа одлука се врши во рок од осум дена сметано од денот на доставата на месечните извештаи од ставот 3 на овој член.“.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 44-5535/1 | Претседател на Владата |
| 13 јуни 2020 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Оливер Спасовски,** с.р. |

---

**2003.**

Врз основа на член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 26/01, 13/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 13 јуни 2020 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ДИГИТАЛЕН ФОРУМ ЗА ИНФОРМАТИЧКО КОМУНИКАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ

Член 1

Во Одлуката за формирање на Дигитален форум за информатичко комуникациски технологии („Службен весник на Република Македонија“ бр.107/18 и 230/18), во член 2 став 1 во точката а) алинејата 2 се менува и гласи:

„- министерот за образование и наука“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 44- 5536/1 | Претседател на Владата |
| 13 јуни 2020 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Оливер Спасовски,** с.р. |

---

**2004.**

Врз основа на член 18 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.265/19), а во врска со член 49, став (1) од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија“ бр.52/10, 135/11 и 55/16), член 2 од Одлуката за критериумите и постапката за распределба на средства за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија за мерки за справување со COVID-19 кризата („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.149/20) и точка 2 од Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за мерки за справување со COVID-19 кризата („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.149/20), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 13 јуни 2020 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА НАМЕНЕТИ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ЗДРУЖЕНИЈА И ФОНДАЦИИ ЗА МЕРКИ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО КОВИД-19 КРИЗАТА

Член 1

Со оваа одлука се врши распределба на 29.519.495 денари од планираните средства во Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, Раздел 040.01 - Влада на Република Северна Македонија, Програма П – Мерки за справување со COVID-19 кризата, Потпрограма – 46 Субвенции и трансфери, ставка 464 – Разни трансфери, за финансирање на програмските активности на следните здруженија и фондации за преземање итни мерки за справување со кризата предизвикана од коронавирусот COVID-19:

| Бр. | Арх.број | Здружение /фондација | Проект | Побарани средства | Доделени средства |
|---|---|---|---|---|---|
| | 25-20/78 | Здружение Културно хуманитарна организација на Турците од Источна Македонија Радовиш | Едукација на населението за подигање на свеста за справување со пандемијата предизвикана со корона вирусот COVID-19 и Хуманитарна помош и заштитна опрема и пакети со прехрамбени артикли и артикли за одржување на лична хигиена во руралните средини на Југоисточниот регион на РСМ | 825000 | 742500 |
| | 25-20/90 | Здружение за акција против насилство и трговија со луѓе Отворена Порта Скопје | Програма за психосоцијална помош и поддршка на жртви на трговија со луѓе и сексуално насилство | 900000 | 810000 |
| | 25-20/30 | Здружение-Балкански Институт за Регионална Соработка (БИРС) Тетово | Подигнување на свеста за опасноста од КОВИД-19 преку квалитетно новинарство | 900000 | 810000 |
| | 25-20/321 | Асоцијација на специјализанти и млади лекари АСМЛ Скопје | 3Д принт медицинска опрема | 888500 | 799650 |
| | 25-20/177 | Здружение на граѓани за помош на бездомници, социјално загрозени семејства и поединци Љубезност Скопје | Акција за помош и поддршка на бездомните и социјално загрозени граѓани во услови на криза со пандемијата на Ковид 19 | 863880 | 777492 |
| | 25-20/168 | Здружение за афирмација на уметност Флуктус Скопје | Самоглас - мобилна апликација | 899294 | 809365 |
| | 25-20/69 | Здружение на граѓани ФЛОРОЗОН - Центар за еколошка демократија Скопје | Биди одговорен за себе и за нашата животна средина и во услови на пандемија | 621745 | 559571 |
| | 25-20/308 | Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија Етика Прес Скопје | Известување врз основа на факти: зајакнување на професионализмот во медиумското известување за Ковид-19 | 674000 | 606600 |
| | 25-20/247 | Здружение Женски Форум Тетово | Превенција и заштита од COVID 19 во Тетовскиот регион | 699400 | 629460 |
| | 25-20/95 | Здружение на граѓани за подигање на психо – социјалната свест Имаго Плус Скопје | Информативна, едукативна и психолошка помош на лица со попреченост за време на Ковид-19 | 890100 | 801090 |
| | 25-20/175 | Здружение за унапредување на квалитетот на животот на лицата со аутистичен спектар Сина светулка Скопје | Аутизам - онлајн поддршка | 746900 | 672210 |
| | 25-20/24 | Иницијатива за граѓански интеграции ИГИ Гостивар | Информирај се, едуцирај се, солидаризирај се – стоп Ковид 19! | 817800 | 736020 |
| | 25-20/372 | Здружение ХОПС Опции за здрав живот Скопје | Превенција на Ковид-19 меѓу лица кои се зависни од droги, сексуални работници и нивните семејства | 899548 | 809593 |
| | 25-20/220 | Здружение за заштита на маргинализирани групи Ромски Ресурсен Центар Скопје | Образованието на ромските ученици во време на КОВИД 19 | 900000 | 810000 |
| | 25-20/301 | Ромски Едукативен Центар Амбрела Скопје | Поддршка на ранливи семејства во Шуто Оризари, погодени од Ковид-19 | 855000 | 769500 |
| | 25-20/33 | Здружение за перспективна интеграција и развој „Рома Перспектив“ Прилеп | Со грижа до намалување на глад, стрес и образовни потреби за време на Ковид 19 | 538750 | 484875 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 25-20/195 | Здружение за едукација ВЛАЗНИЈА Куманово | Поддршка и асистенција за учениците за онлајн учење | 900000 | 810000 |
| | 25-20/318 | Здружение на финансиски работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија Велес | Анализа на политиките кои се однесуваат на финансирањето на локалната власт | 900000 | 810000 |
| | 25-20/500 | Здружение на граѓани Милениум с.Слатино Теарце | Развој на локалниот пазар преку градење на капацитети и користење на онлајн алатки | 900000 | 810000 |
| | 25-20/400 | Здружение на граѓани СОС Детско село Северна Македонија Скопје | Поддршка на маргинализирани семејства во време на Ковид 19 | 821600 | 739440 |
| | 25-20/201 | Здружение за истражување на пазарот на труд во функција на мултиетничката толеранција ПРОФИЦИО Скопје | Заедно за безбедно лето – информации и насоки за предизвиците и безбедносните протоколи за заштита од Ковид-19 | 759000 | 683100 |
| | 25-20/252 | Здружение на граѓани Ресурсен Центар на родители на деца со посебни потреби Скопје | Среќно лице – заштитено лице! | 882000 | 793800 |
| | 25-20/206 | Здружение Младински Форум за Соработка Скопје | Туристичка интерактивна платформа и апликација за корисници на ваучери за помош во туризмот од Владата на Република Северна Македонија | 713000 | 641700 |
| | 25-20/131 | Здружение за борба против рак Борка За секој нов ден Скопје | Грижа за пациентите со карцином за време на пандемијата COVID-19 | 883815 | 795434 |
| | 25-20/88 | Здружение на граѓани Хуманитарна организација Организата Хуманитаре Калири и миресисе Скопје | Прехрамбени и санитарни пакети за ранливи категории | 813218 | 731896 |
| | 25-20/238 | Здружение за млади и култура Креативни и Активни Струга | Кампања мерки и препораки – COVID-19 | 899500 | 809550 |
| | 25-20/522 | Национална мрежа против насилство врз жени и семејно насилство - Глас против насилство Скопје | Помош и поддршка на жртви на семејно насилство во пост-кризен период | 900000 | 810000 |
| | 25-20/249 | Здружението за поттикнување и промоција на информатиката Асоцијација на студенти информатичари Скопје | УБАВИНИ.мк (ubavini.mk) | 900000 | 810000 |
| | 25-20/314 | Фондацијата за промовирање на иновативно учење, едукација и личен развој СТЕМ АКАДЕМИЈА Скопје | On line Лего базирана терапија – зрак надеж за иднината | 892500 | 803250 |
| | 25-20/365 | Здружение за одржлив развој и заштита на животната средина Гоу Грин Скопје | Растеме заедно | 628268 | 565441 |
| | 25-20/60 | Здружение на слепи лица на град Штип, Штип | Прилагодување на слепите лица од Источниот регион на тешките услови кои ги наметна кризата со COVID-19 | 699800 | 629820 |
| | 25-20/107 | Здружение на граѓани Финанце Тхинк - Институт за економски истражувања и политики Скопје | Оценка на ефектите од Ковид-19 врз сиромаштијата, со фокус врз најранливите категории граѓани | 899400 | 809460 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 25-20/199 | Здружение Ромски културен и едукативен центар Тернипе МК Делчево | Поддршка во време на COVID – 19 кризата за Ромите и ранливи категории | 753470 | 678123 |
| | 25-20/345 | Студентски Парламент на Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство Скопје | Мој психијатар | 900000 | 810000 |
| | 25-20/391 | Здружение за рурален развој ЈАВОР - Зрновци | Зголемување на дигиталните вештини на земјоделските производители со цел прилагодување кон новонастанатите пазарни и економски услови на работење | 862500 | 776250 |
| | 25-20/399 | Коалиција сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници Маргини Скопје | Психо-социјална помош на трансродовите лица за време на Ковид-19 | 900000 | 810000 |
| | 25-20/167 | Здружение за деца со посебни потреби Аура Тетово | Заедно за подобра иднина | 900000 | 810000 |
| | 25-20/6 | Здружение на граѓани ЗИП ИНСТИТУТ за политики и добро владение Скопје | Фронт против Ковид-19 во рурален Сарај | 899200 | 809280 |
| | 25-20/454 | Здружение Центар за интеркултурен дијалог Куманово | Борба против говорот на омраза и криминалот од омраза | 672650 | 605385 |
| | 25-20/35 | Здружение за култура и уметност Традита Тетово | "Стани" лекар слушајќи ги лекарите - "Лечи" пациенти не заразувајќи ги другите! | 599600 | 539640 |

Член 2

За извршување на оваа одлука се грижи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 44-5541/1
13 јули 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

**2005.**

Врз основа на член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 26/01, 13/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 13 јуни 2020 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ НА ДИГИТАЛЕН ФОРУМ ЗА ИНФОРМАТИЧКО - КОМУНИКАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ**

Член 1

Во Решението за назначување на членови на Дигитален форум за информатичко - комуникациски технологии („Службен весник на Република Македонија“ бр.234/18), во член 1, точката 2. се менува и гласи:

„2. д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука;“.

Точката 8. се менува и гласи:

„8. Дамјан Дано, претставник именуван од невладиниот сектор поврзан со развој на информатичко општество;“.

Член 2

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44- 5537/1
13 јуни 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје**
**бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.**
**Директор и одговорен уредник – Мартин Костовски**
**телефон: +389-2-55 12 400**
**телефакс: +389-2-55 12 401**

**Претплатата за 2020 година изнесува 12.200,00 денари.**
**„Службен весник на Република Северна Македонија" излегува по потреба.**
**Рок за рекламации: 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.**

ISSN 0354-1622
2019157